- Моторен бензин –
ЕУРОСУПЕР БС - 95 - 0,890 (денари/литар)
- Моторен бензин –
ЕУРОСУПЕР БС – 98 - 0,890 (денари/литар)
- Дизел гориво –
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) - 0,300 (денари/литар)
- Масло за горење –
Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) - 0,300 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС - 0,740 (денари/килограм)

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

- Моторен бензин –
ЕУРОСУПЕР БС - 95 - 22,00 (денари/литар)
- Моторен бензин –
ЕУРОСУПЕР БС – 98 - 22,00 (денари/литар)
- Дизел гориво –
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) - 15,50 (денари/литар)
- Масло за горење –
Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) - 15,50 (денари/литар)
- Мазут М-1 НС - 0,100 (денари/килограм)

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 14.7.2026 година.

Бр. 02-1116/1
13 јули 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов**, с.р.

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**2241.**

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 6, а во врска со член 12 став (2) точка 33) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23, 59/25 и 154/25) и член 34 став (4) од Законот за индустриски - зелени зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 119/13, 160/14, 173/15 и 192/15), Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Република Северна Македонија како основач на Индустриска зона „Кратово" на 18.5.2026 година, донесе

### ТАРИФНИК
### НА ОПЕРАТОР СО ИНДУСТРИСКА ЗОНА „КРАТОВО" ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ КОН ИНВЕСТИТОРИТЕ ВО ИНДУСТРИСКА ЗОНА „КРАТОВО"

I

| | Опис на услуга | Цена во денари |
|---|---|---|
| 1. | Месечен паушал за одржување на инфраструктурата<br>- одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини = 1,17 мкд/ м²;<br>- одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната= 1,17 мкд/ м²<br>- 24-часовно физичко обезбедување на зоната= 1,17 мкд/ м² | 3,50 денари/м² закупен/ сопствен простор |
| 2. | Поставување на контејнери за опслужување на инвеститори до 5м² | 6.000,00 денари месечно |
| 3. | Поставување на контејнери за опслужување на инвеститори до 15м² | 8.500,00 денари месечно |
| 4. | Поставување на контејнери за опслужување на инвеститори до 30м² | 12.500,00 денари месечно |
| 5. | Закупнина за поставување на банкомат | 6.000,00 денари месечно |

* Износите во табелата се дадени без вклучен ДДВ.

II

Висината на еднократниот надоместок за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за засновањето на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија при изградба на линиски инфраструктурни објекти (електроенергетска, водоводна, канализациона, гасоводна и телекомуникациска инфраструктура) кои ги градат даватели на услуги од јавен интерес во рамките на опфатот на Индустриска зона „Кратово" се утврдуваат според Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност.

III

Надоместоците за услугите од дел I од овој тарифник се наплатуваат во рок од 15 дена од денот кога корисникот на услугата ја примил фактурата во архивата на корисникот на услугата. Во фактурата ќе се пресметуваат износи согласно исполнувањето на услугите. Доколку

некои од услугите од дел I точка 1 од овој тарифник не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, фактурите ќе бидат намалени за износот на поединечната услуга која не е обезбедена, за што Управниот одбор ќе донесе посебна одлука за намалување односно за нефактурирање за услуги кои не се обезбедени од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Обврската за надоместоците од дел I од овој тарифник, инвеститорите во зоната се обврзани да ја плаќаат од денот на влегувањето во сила на овој тарифник.

IV

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 01-435/2 | Дирекција за ТИРЗ
18 мај 2026 година | Потпретседател на Управен одбор
Скопје | **Урим Кроси**, с.р.

---

Në bazë të nenit 20 paragrafi (1) pika 6, e në lidhje me nenin 12 paragrafi (2) pika 33) të Ligjit për Zonat Zhvillimore Teknologjike Industriale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10,127/12, 41/14,160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.13/23, 59/25 dhe 154/25) dhe neni 34 paragrafi (4) i Ligjit për Zonat e Gjelbra Industriale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 119/13,160/14,173/15 dhe 192/15), Bordi Drejtues i Drejtorisë për Zonat Zhvillimore Teknologjike Industriale në emër të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut si themelues i Zonës Industriale "Kratovë" më 18.5 të vitit 2026, miratoi

**LISTË TARIFORE
TË OPERATORIT ME ZONËN INDUSTRIALE"KRATOVË" PËR KOMPENSIMET PËR SHËRBIMET E KRYERA NDAJ INVESTITORËVE NË ZONËN INDUSTRIALE "KRATOVË"**

| | Përshkrimi i shërbimit | Çmimi në denarë |
|---|---|---|
| 1. | Shuma e përgjithshme mujore për mirëmbajtje të infrastrukturës<br>- mirëmbajtja e infrastrukturës brenda kufijve të zonës dhe mirëmbajtja e sipërfaqeve publike = 1,17 mkd/ m$^2$;<br>- mirëmbajtja e ndriçimit rrugor të zonave publike në zonë= 1,17 MKD/ m$^2$ - sigurimi fizik 24-orësh i zonës= 1,17 MKD/ m$^2$ | 3,50 denarë/m$^2$ hapësirë me qira/vetanake |
| 2. | Vendosja e kontejnerëve për shërbimin e investitorëve deri në 5m$^2$ | 6.000,00 denarë në muaj |
| 3. | Vendosje e kontejnerëve për shërbimin e investitorëve deri në 15m$^2$ | 8.500,00 denarë në muaj |
| 4. | Vendosja e kontejnerëve për shërbimin e investitorëve deri në 30m$^2$ | 12.500,00 denarë në muaj |
| 5. | Qiradhënie për vendosjen e bankomatit | 6.000,00 denarë në muaj |

* Shumat në tabelë janë dhënë pa TVSH të përfshirë.

II

Shuma e kompensimit të njëhershëm për themelimin e së drejtës për shërbim real në tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe shuma e kostove të veçanta për zbatimin e procedurave për themelimin e së drejtës për shërbim real në tokën ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë së Veriut gjatë ndërtimit të objekteve infrastrukturore lineare (elektroenergjetike, ujë, kanalizime, gaz dhe infrastrukturë telekomunikuese) të cilat i ndërtojnë dhënësit e shërbimeve të interesit publik në kuadër të fushëveprimit Zonës Industriale "Kratovë" përcaktohen sipas Urdhëresës për shumën e çmimit të tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe shumës së kostove të veçanta për zbatimin e procedurave për shpronësim, qiradhënie dhe për themelimin e së drejtës për shërbim real.

III

Kompensimet për shërbimet nga pjesa I e kësaj liste tarifore arkëtohen në afat prej 15 ditëve nga dita kur përdoruesi i shërbimit ka pranuar faturën në arkivin e përdoruesit të shërbimit. Në faturë do të llogariten shumat në përputhje me përmbushjen e shërbimeve. Nëse disa nga shërbimet nga pjesa I pika 1 e kësaj liste tarifore nuk sigurohen nga Drejtoria për Zonat Zhvillimore Teknologjike Industriale, faturat do të ulen për shumën e shërbimit individual që nuk është siguruar, për të cilin Bordi Drejtues do të miratojë vendim të veçantë për uljen, respektivisht mos-faturimin për shërbimet që nuk janë siguruar nga Drejtoria për Zonat Zhvillimore Teknologjike Industriale.

Detyrimin për kompensimet nga pjesa I e kësaj liste tarifore, investitorët në zonë janë të detyruar ta paguajnë nga dita e hyrjes në fuqi të kësaj liste tarifore.

IV

Kjo listë tarifore hyn në fuqi në ditën e publikimit të saj në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut", ndërsa do të publikohet pas marrjes së pëlqimit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 01-435/2 | Drejtoria e ZZHTI-së
18.5.2026 | Nënkryetar i Bordit Drejtues
Shkup | **Urim Krosi**, d.v.